**20262093297**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Врз основа на член 24 став 10 од Законот за развој, производство и промет на воени стоки („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 298/21 и 58/26), министерот за надворешни работи и надворешна трговија, во согласност со министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРОТ, ОПРЕМАТА И КАДАРОТ ЗА ДОБИВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НАДВОРЕШЕН ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ, НАЧИНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НАДВОРЕШЕН ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТА И ПРИДРУЖНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОН НИВ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови во однос на просторот, опремата и кадарот за добивање согласност за вршење надворешен промет на воени стоки, начинот за издавање на согласност за вршење надворешен промет на воени стоки, формата и содржината на барањето за издавање на согласноста и придружната документација кон нив.

## 1. Простор

Член 2

Просторот за вршење надворешен промет со воени стоки треба да има административен простор, а доколку се врши сместување и чување воени стоки тогаш треба да има и магацински простор.

Просторот за вршење надворешен промет со воени стоки треба да биде запишан во јавните книги за недвижности за вршење деловна дејност.

Просторот за вршење надворешен промет со воени стоки треба да биде јасно означен со називот на фирмата на барателот, запишана во трговскиот регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 3

Административниот простор треба да ги исполнува следните поблиски услови:

- да има површина од најмалку 30 м² и висина од најмалку 2,80 м,
- да има обезбедена електрична, телекомуникациска и интернет инфраструктура,
- да има дневно и вештачко осветлување,
- да е поврзан на комунална инфраструктура ( водовод, канализација, електрична мрежа) и
- да овозможува непречено извршување на работните задачи, прием на службени лица и вршење инспекциски надзор од страна на надлежните органи.

Член 4

Просторот за вршење надворешен промет со воени стоки треба да има заштита од пристап на неовластени лица, оштетување, уништување, пожар, поплава и други ризици, односно:

- контрола на пристап во просторот,
- заштитни решетки на целиот простор, доколку се наоѓа на приземје,
- вградена заштитна (блиндор) врата, на главниот влез,
- инсталиран алармен систем или друг соодветен систем за известување при неовластен пристап,
- систем за видео надзор,
- средства за противпожарна заштита согласно прописите за заштита од пожари,
- план за физичко-техничко обезбедување, изработен од овластено правно лице,
- елаборат за заштита од пожари, изработен од овластено правно лице,
- план за евакуација, изработен од овластено правно лице и
- ангажирана агенција за обезбедување.

Член 5

Просторот за сместување и чување на воени стоки – магацински простор, треба да исполнува следните поблиски услови:.

- да е физички одвоен од административниот простор,
- да е ограден и обезбеден од неовластен пристап, оштетување, уништување, пожар, поплава и други ризици,
- да е опремен со соодветни средства за противпожарна заштита,
- да е соодветен, за видот и карактеристиките на стоката што се складира,
- да има елаборат за пиротехничка безбедност, доколку се складираат муниција и експлозивни средства и
- да е опремен со соодветна опрема за сместување и чување на воени стоки, безбедносни системи и опрема за контрола на температура и влажност, согласно карактеристиките на стоката.

Просторот за сместување и чување на воени стоки треба да биде обезбеден согласно прописите за оружје, муниција, експлозивни и опасни материи.

Пристап до магацинскиот простор имаат лицата кои се овластени од одговорното лице во правното лице.

## 2. Опрема

Член 6

За вршење надворешен промет, правното лице треба да има обезбедено соодветна техничка, информатичка, безбедносна и административна опрема која овозможува:

- безбедно вршење на дејноста надворешен промет со воени стоки,
- водење и чување на документацијата,
- безбедна електронска комуникација и
- заштита на податоците.

Опремата од ставот (1) на овој член, треба да биде функционална, во исправна состојба и постојано достапна за користење во деловниот простор.

Член 7

Под информатичка опрема се подразбира компјутерска опрема и интернет конекција која овозможува електронска комуникација со надлежните органи, следење и евиденција на деловните активности и заштита на податоците, печатач или мултифункционален уред, како и систем за електронско архивирање на документација која овозможува изработка и чување на деловната документација.

Под информатичка заштита се подразбира:
- користење на лиценциран антивирусен софтвер,
- заштита на информатичкиот систем од неовластен пристап (firewall),
- систем на контролиран пристап до електронските системи и користење лозинки,
- редовно изготвување резервни копии (backup) на електронската документација и
- заштита на електронската комуникација (шифрирање по потреба).

Пристап до информатичкиот систем имаат лицата кои се овластени од одговорното лице во правното лице.

Член 8

Како опрема за безбедно чување на документацијата, поврзана со вршење на дејноста надворешен промет, се смета:
- архивски ормари;
- метални ормари или сефови со механизам за заклучување за доверлива документација и
- систем за електронско архивирање.

Класифицираните информации се чуваат во метален ормар или сеф со механизам за заклучување или во заштитен информатички систем, во согласност со прописите за заштита на класифицирани информации.

Пристап до документацијата од ставот 2 на овој член имаат лицата кои поседуваат соодветен безбедносен сертификат.

Документацијата поврзана со вршење на дејноста надворешен промет треба да биде заштитена од неовластен пристап, оштетување, уништување, пожар, поплава и од други ризици.

Пристап до документацијата имаат само лицата кои се овластени од одговорното лице во правното лице.

Член 9

Превозот на муниција, експлозивни и други воени стоки што претставуваат опасни материи се врши со специјално или стандардно возило и со придружба согласно со прописите за превоз на опасни материи, со цел обезбедување на воените стоки до предавањето на купувачот, односно корисникот.

**3. Кадар**

Член 10

Правното лице за вршење надворешен промет со воени стоки треба да има вработено најмалку две стручни лица на неопределено полно работно време или ангажирани со договор за деловна соработка, согласно Законот за развој, производство и промет со воени стоки.

Стручните лица од ставот 1 на овој член треба да имаат завршено високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, од областа на:
- Воена академија,
- Технички науки,
- Факултет за безбедност или
- Филозофски факултет, група Одбрана.

Стручните лица од ставот 1 на овој член треба да имаат работно искуство од најмалку една година во дејноста надворешна трговија со воени стоки, безбедност, одбрана, логистика, развој, производство, промет или контрола на воени стоки, или сродни работи поврзани со дејноста.

## 4. Начин на издавање на согласноста

Член 11

За добивање согласност за вршење надворешен промет, заинтересираните лица поднесуваат барање со придружна документација до Управата за наменско производство.

Барањето треба да биде пополнето правилно и на читлив начин.

По приемот на барањето од страна на Управата за наменско производство се проверува приложената документација дали е веродостојна и комплетна. Доколку се утврдат недостатоци, Управата за наменско производство го известува барателот во определен период да ги отстрани недостатоците.

По комплетирањето на документацијата од страна на барателот, од страна на Управата за наменско производство се врши увид во просториите на барателот, се составува записник за исполнетоста на условите по поднесеното барање и целокупната документација се доставува до Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност.

По добивање на позитивните мислења од страна на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност, од страна на Управата за наменско производство се подготвува информација и Предлог - Решение за издавање согласност за вршење надворешен промет со воени стоки и истите се доставуваат до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Решението за согласност за вршење надворешен промет со воени стоки се издава од страна на министерот за надворешни работи и надворешна трговија согласно Законот за развој, производство и промет на воени стоки.

## 5. Барање за издавање согласност и придружна документација

Член 12

Барањето за издавање согласност за вршење надворешен промет на воени стоки се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог, кој  е составен дел на овој правилник.

Член 13

Кон барањето за издавање на согласноста за вршење надворешен промет на воени стоки се доставува следната документација:

- тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од 30 дена,
- извод од државјанство на Република Северна Македонија, издадено од Министерството за внатрешни работи, не постаро од 30 дена,
- важечка лична карта издадена од Министерството за внатрешни работи, со која се докажува место на живеалиште на територијата на Република Северна Македонија,
- лекарско уверение не постаро од шест месеци, како доказ за здравствена способност да се ракува со воени стоки,

- важечка лична карта издадена од Министерството за внатрешни работи, со која одговорното лице во правното лице докажува дека има живеалиште на територијата на Република Северна Македонија,

- изјава за бројот и структурата за вработени лица, потпишана од одговорното лице во барателот,

- уверение од кривична евиденција издадено од надлежен суд, не постаро од 30 дена, со кое се докажува дека при поднесување на барањето за издавање на согласноста, лицето не е правосилно осудувано или против него не се води кривична постапка за кривично дело за кое се гони по службена должност, освен за кривично дело предизвикување сообраќајна несреќа во патниот сообраќај, а е сторено од небрежност, што резултира со телесна повреда или материјална штета,

- потврда за неизречена забрана на вршење професија, дејност или должност, издадена од надлежен суд, не постара од 30 дена, со која се докажува дека против лицето и одговорното лице во правното лице со правосилна пресуда не им е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност,

- изјава заверена на нотар дека во последните пет години пред поднесување на барањето за издавање на согласноста, на лицето не му била утврдена одговорност за прекршување меѓународно ембарго или санкција која била обврзувачка за Република Северна Македонија,

- изјава заверена на нотар дека против лицето и одговорното лице во правното лице не е поведена прекршочна или кривична постапка поврзана со државната безбедност,

- име на деловната банка и документи заверени од банката во која лицето е депонент (потврда со која лицето докажува дека банкарската сметка преку која работи не е блокирана 30 дена до датумот на прием на барањето и копија од картичката со депонирани потписи) и

- копија од годишна сметка (биланс на состојба и биланс на успех), а таму каде што е соодветно и ревидирани финансиски извештаи, за последната деловна година, доколку се основани пред најмалку една година.

Кон барањето за издавање на согласноста за вршење надворешен промет на воени стоки, се доставува следната документација за исполнување на условите утврдени со овој правилник, во однос на просторот:

- имотен лист за деловниот простор или договор за закуп на деловниот простор за наредните три години заверен на нотар, во рамки на кој треба да биде опфатен и магацинскиот простор, доколку барателот врши сместување и чување на воени стоки,

- скица од деловниот простор,

- договор за ангажирана агенција за обезбедување,

- опис на системот за видео надзор,

- план за евакуација, изработен од овластено правно лице,

- елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, изработен од овластено правно лице,

- план за физичко-техничко обезбедување, изработен од овластено правно лице и

- изјава со која одговорното лице во правното лице, се обврзува да им овозможи на Управата за наменско производство, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност, надзор врз исполнетоста на условите во однос на просторот, работењето во областа на извозот и увозот на воени стоки, како и контрола на сместувањето и чувањето на воените стоки и транспортните средства.

Кон барањето за издавање на согласноста за вршење надворешен промет на воени стоки, се доставува следната документација за исполнување на условите утврдени со овој правилник, во однос на опремата:

- опис и спецификација на техничка, безбедносна, противпожарната, информатичка и административна опрема со која се располага;
- изјава за располагање со соодветна и функционлна техничка, информатичка, безбедносна, противпожарна и административна опрема согласно овој Правилник, со што правното лице ги исполнува условите утврдени со овој Правилник, во однос на опремата, потпишана од одговорното лице во правното лице и
- докази за поседување или користење на заштитена информатичка опрема (лиценци за софтвер, договори, интерни акти и процедури за информатичка безбедност).

Кон барањето за издавање на согласноста за вршење надворешен промет на воени стоки, се доставува следната документација за исполнување на условите утврдени со овој правилник, во однос на кадарот:

- доказ за вработување со полно работно време или ангажирање на стручните лица (Доколку се работи за вработено лице, се доставува М1/М2 образец издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, заедно со акт, во форма на решение, одлука или овластување, врз основа на кој вработеното лице е задолжено како стручно лице. Доколку се работи за ангажирано лице, се доставува Договор за деловна соработка),
- доказ за завршено високо образование на стручните лица (Диплома за стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, во една од следните области: Воена академија, Технички науки, Факултет за безбедност, или Филозофски факултет-група Одбрана,
- кратка биографија на стручните лица,
- доказ за работно искуство на стручните лица (Историјат издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија) и
- потврда за неизречена забрана на вршење професија, или должност издадена од надлежен суд, не постара од 30 дена.

Документацијата од ставот 1 алинеја 2 и 4 од овој член се однесува на трговец поединец, додека документацијата од ставот 1 алинеја 1, 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19 и 20, став 2, 3 и 4 од овој член се однесуваат на трговец поединец и трговско друштво.

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Министер
за одбрана,
**Владо Мисајловски**, с.р.

Бр. 01-2642/1
24 август 2026 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски**, с.р.

Бр. 122-99407/3
31 август 2026 година
Скопје

Министер за надворешни работи и надворешна трговија,
д-р **Тимчо Муцунски**, с.р.

Бр. 36-14787/26-7
2 септември 2026 година
Скопје

Образец Прилог

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТА ЗА ВРШЕЊЕ НАДВОРЕШЕН ПРОМЕТ СО ВОЕНИ СТОКИ**

## I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ - БАРАТЕЛ

| **Податок** | |
|---|---|
| **Назив / Фирма на барателот:** | |
| **Седиште (адреса):** | |
| **Единствен даночен број (ЕДБ):** | |
| **Матичен број на субјектот (ЕМБС):** | |
| **Телефон за контакт:** | |
| **Електронска пошта (e-mail):** | |
| **Веб-страница (доколку има):** | |

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ

| **Податок** | |
|---|---|
| **Име и презиме:** | |
| **ЕМБГ:** | |
| **Адреса на живеалиште:** | |
| **Функција во правното лице:** | |

## III. ПОДАТОЦИ ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ И ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

(Ве молиме, означете во колоната „Приложено“ за секој доставен документ)

### А. Документација за исполнување на општите и посебните услови

| **Р.б.** | **Потребен документ / Услов** | **Приложено** |
|---|---|---|
| 1. | Тековна состојба од Централниот регистар, не постара од 30 дена. | ☐ |
| 2. | Извод од државјанство на РСМ за трговецот-поединец, не постар од 30 дена.* | ☐ |
| 3. | Копија од важечка лична карта за одговорното лице во трговското друштво / трговецот-поединец. | ☐ |
| 4. | Лекарско уверение за здравствена способност за ракување со воени стоки, не постаро од шест месеци*. | ☐ |
| 5. | Изјава за бројот и структурата на вработени лица, потпишана од одговорното лице во правното лице | ☐ |
| 6. | Уверение од кривична евиденција од надлежен суд, не постаро од 30 дена. | ☐ |
| 7. | Потврда за неизречена забрана за вршење професија, дејност или должност од надлежен суд за одговорното лице во правното лице, не постара од 30 дена. | ☐ |
| 8. | Изјава заверена на нотар дека во последните пет години на правното лице не му била утврдена одговорност за прекршување на меѓународно ембарго или санкција. | ☐ |
| 9. | Изјава заверена на нотар дека против правното лице и одговорното лице во правното лице не е поведена | ☐ |

---

* се однесува само за трговец поединец

* се однесува само за трговец поединец

| | | |
|---|---|---|
| | прекршочна или кривична постапка поврзана со државната безбедност. | |
| 10. | Потврда од деловна банка дека сметката на правното лице не е блокирана во последните 30 дена и копија од картичката со депонирани потписи | ☐ |
| 11. | Копија од годишна сметка (биланс на состојба и биланс на успех) и финансиски извештаи за последната деловна година. | ☐ |

**Б. Документација за исполнување на условите во однос на просторот**

**Податоци за деловниот простор:**

- **Адреса: ___________________________________**
- **Вкупна површина: __** $м^2$ и висина ______ м.
- **Правен основ за користење:** ☐ Сопственост ☐ Закуп ☐ Друго: ___

**Податоци за магацинскиот простор (доколку е применливо)**

- **Адреса: ___________________________________**
- **Правен основ за користење:** ☐ Сопственост ☐ Закуп ☐ Друго: ___

| **Р.б.** | **Потребен документ** | **Приложено** |
|---|---|---|
| 1. | Имотен лист за деловниот простор, или договор за закуп заверен на нотар со рок на важност од најмалку три години. | ☐ |
| 2. | Скица од деловниот простор. | ☐ |
| 3. | Имотен лист, или договор за закуп за магацинскиот простор заверен на нотар со рок на важност од најмалку три години (доколку се врши сместување и чување на воени стоки). | ☐ |
| 4. | Договор со ангажирана агенција за обезбедување. | ☐ |
| 5. | Опис на системот за видео надзор | ☐ |
| 5. | План за евакуација, изработен од овластено правно лице. | ☐ |
| 6. | Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, изработен од овластено правно лице. | ☐ |
| 7. | План за физичко-техничко обезбедување, изработен од овластено правно лице | ☐ |

**В. Документација за исполнување на условите во однос на опремата**

| Р.б. | Потребен документ / Изјава | Приложено |
|---|---|---|
| 1. | Опис и спецификација на техничка, безбедносна, противпожарната, информатичка и административна опрема | ☐ |
| 2. | Докази за поседување или користење на заштитена информатичка опрема (лиценци за софтвер, договори, интерни акти и процедури за информатичка безбедност и сл.). | ☐ |
| 3. | Изјава за располагање со соодветна и функционлна техничка, информатичка, безбедносна, противпожарна и административна опрема согласно овој Правилник, со што барателот ги исполнува условите утврдени со овој Правилник, во однос на опремата, потпишана од одговорното лице во правното лице | ☐ |

**Г. Документација за исполнување на условите во однос на кадарот**

**Стручно лице 1:**

- **Име и презиме: ____________________**
- **ЕМБГ: ____________________**
- **Образование: ____________________**
- **Работно искуство (години) ____________________**
-

| Р.б. | Потребен документ | Приложено |
|---|---|---|
| 1. | М1/М2 образец, или договор за деловна соработка. | ☐ |
| 2 | Акт (решение, одлука или овластување) донесен од одговорното лице во барателот, врз основа на кој вработеното лице е задолжено за стручно лице | ☐ |
| 3 | Диплома за завршено високо образование. | ☐ |
| 4. | Кратка биографија (CV). | ☐ |
| 5. | Доказ за работно искуство (историјат од АВРМ) | ☐ |
| 6. | Потврда за неизречена забрана на вршење професија или должност издадена од надлежен суд, не постара од 30 дена. | ☐ |

**Стручно лице 2:**

- **Име и презиме: ____________________**
- **ЕМБГ: ____________________**
- **Образование: ____________________**
- **Работно искуство (години) ____________________**

| Р.б. | Потребен документ | Приложено |
|---|---|---|
| 1. | М1/М2 образец, или договор за деловна соработка. | ☐ |
| 2. | Акт (решение, одлука или овластување) донесен од одговорното лице во барателот, врз основа на кој вработеното лице е задолжено за стручно лице | ☐ |
| 3. | Диплома за завршено високо образование. | ☐ |
| 4.. | Кратка биографија (CV). | ☐ |
| 5 . | Доказ за работно искуство (историјат од АВРМ) | ☐ |
| 6. | Потврда за неизречена забрана на вршење професија или должност издадена од надлежен суд, не постара од 30 дена. | ☐ |

**IV. ИЗЈАВА НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ-БАРАТЕЛ**

**Изјава за точност на податоците**
(Текстот на оваа изјава се доставува како посебен документ)
Под полна материјална и кривична одговорност, изјавувам дека сите податоци наведени во ова барање и во придружната документација се точни, вистинити и целосни. Свесен сум дека давањето на неточни податоци претставува основ за одбивање на барањето и повлекува законска одговорност.

**Изјава за бројот и структурата на вработените**
(Текстот на оваа изјава се доставува како посебен документ)
„Изјавувам дека како одговорно лице во правното лице (име и презиме на одговорното лице) правното лице (назив на правното лице) располага со следниот број и структура за вработени лица ______________________. "

**Изјава за меѓународно ембарго или санкција која била обврзувачка за Република Северна Македонија**
(Текстот на оваа изјава се доставува како посебен документ, заверен на нотар)
„Изјавувам дека во последните пет години пред поднесување на барањето за издавање на согласноста, на [Назив на правното лице] не му била утврдена одговорност за прекршување на меѓународно ембарго или санкција која била обврзувачка за Република Северна Македонија."

**Изјава за прекршочна или кривична постапка поврзана со државната безбедност на Република Северна Македонија."**
(Текстот на оваа изјава се доставува како посебен документ, заверен на нотар)
„Изјавувам дека против [Назив на правното лице] и против одговорното лице [Име и презиме на одговорното лице] не е поведена прекршочна или кривична постапка поврзана со државната безбедност на Република Северна Македонија."

**Изјава за овозможување увид од страна на надлежните органи**
(Текстот на оваа изјава се доставува како посебен документ)
„Изјавувам дека како одговорно лице во правното лице (Име и презиме на одговорното лице), се обврзувам да им овозможам на Управата за наменско производство, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност, надзор врз исполнетоста на условите во однос на просторот, работењето во областа на извозот и увозот на воени стоки, како и контрола на сместувањето и чувањето воени стоки и транспортните средства.

**Изјава за исполнетост на условите за опремата**

(Текстот на оваа изјава се доставува како посебен документ)

„Изјавувам дека како одговорно лице во правното лице (име и презиме на одговорното лице) правното лице (назив на правното лице) располага со соодветна и функционална техничка, информатичка, безбедносна, противпожарна и административна опрема согласно овој Правилник, со што ги исполнува условите утврдени со овој Правилник, во однос на опремата.“

**Датум и место:**

---

**Подносител на барањето,**

---

(Име и презиме на одговорното лице)

---

(Своерачен потпис)

**(М.П.)**